СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ВЛАТКО СПИРОВСКИ

за Кратово



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„СО СРЦЕ ЗА КРАТОВО, БИДЕЈЌИ КРАТОВО ЗАСЛУЖУВА ПОВЕЌЕ“

**Драги мои сограѓани, кратовци**

Ми претставува огромна чест и задоволство, но во исто време и голема одговорност да ви ја претставам мојата кандидатура за градоначалник на Општина Кратово. Една од причините зошто ја прифаќам кандидатурата е затоа што сметам дека досегашната практика на привилегирани, на наши и ваши треба да прекине. Сите сме сведоци до кај нè доведе тој начин на водење на општината. Кратово од ден на ден е сè попусто. Нашите сограѓани секојдневно си заминуваат, некои од финансиски причини, некои поради неправди направени од институциите. Јас сум роден во Кратово, живеам во Кратово и планирам да продолжам да живеам во Кратово. Вработен сум во Општина Кратово, од 2013 до 2017 бев советник во Советот на Општина Кратово. Од 2019 до 2020 бев директор на Јавното комунално претпријатие. Во тоа време беа набавени нови камиони за собирање и транспорт на смет, беше купен и трактор со комплет опрема за зимско одржување, кој сè уште се користи. Во тоа време чистотата на градот беше на многу позавидно ниво од денес. Исто така, имам учествувано и организирано повеќе хуманитарни акции. Како жител на овој град и активен член на заедницата, ги познавам предизвиците и проблемите во градот со кои се соочуваме, но и огромниот потенцијал што го имаме. Се кандидирам за градоначалник затоа што искрено верувам дека можам да овозможам подобри услови за живот на граѓаните. Сметам дека Кратово заслужува повеќе. Затоа ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба, вашата поддршка и вашиот глас. Секогаш ќе бидам достапен за секој граѓанин и ќе ги решаваме проблемите заедно. Ќе се вложам максимално, затоа што искрено го сакам градот.

Со почит,

**Влатко Спировски**
кандидат за градоначалник на Општина Кратово

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Кратово

Драги сограѓани,
Ние сме кандидати за општинскиот совет и се обраќаме директно до вас. Веруваме дека нашата општина треба да биде пристојно место за живеење на сите граѓани. Кратово е нашиот заеднички дом, во кој секој од нас треба да ја гледа својата иднина. Добро ги познаваме проблемите и маките на населението, бидејќи тоа се на секој еден од нас секојдневни проблеми и маки. Подигнување на квалитетот на живот во општина Кратово е нашата главна цел. Заедно можеме да обезбедиме почиста околина и да дадеме поддршка на малите бизниси. Не ветуваме чуда – ветуваме работа, чесност и транспарентност. Со вашата поддршка ќе го донесеме и кренеме гласот на граѓаните во советот на Општина Кратово. Затоа подаваме рака кон сите граѓани на Кратово. Придружете ни се во борбата за една поинаква и понадежна општина, за Кратово, град во кој секој еден од нас е важен!

1. Ивана Досевска, р. 1991, магистер по менаџмент на човечки ресурси;
2. Далибор Трајчев, р. 1987, магистер по спортски менаџмент;
3. Ивана Пешева Ристовска, р. 1996, дипломиран менаџер по туризам;
4. Радослава Костадинова, р. 1972, Педагошки факултет;
5. Сашо Михајловски, р. 1978, Општа гимназија;
6. Цветанче Тодоровски, р. 1997, Хотелско - туристички техничар;
7. Невенка Јовановска, р. 1960, социјален работник-пензионер;
8. Зоран Естатиевски, р. 1962, ССС - градежно;
9. Стефан Давитков, р. 1999, дипломиран менаџер по бизнис администрација;
10. Елена Атанасова, р. 1986, Општа гимназија;
11. Ѓорги Ангелов, р. 1971, Општа гимназија;

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Реконструкција на улица „Св. Ѓорѓи Кратовски“;
- Пределување на коцки на улица „Гоце Делчев“;
- Санација на улица „Јосиф Даскалов“;
- Санација на Гоцева Чешма (Кисела Вода);
- Реконструкција на улица „Вера Јоциќ“;
- Реконструкција на улица „Цветко Тонев“;
- Санација на маалски сокаци;
- Реконструкција на улица „Иван Андреев“, поставување бехатон и изградба на потпорен ѕид;
- Поставување бехатонки на патека околу Мусала;
- Реконструкција на мостот „Гоце Делчев“ (Нов мост);
- Санација на улица „“;
- Поставување детски игралишта во Зорле Маало, Царина Маало, Мусала, Приковци, Коњух, Железница и Туралево;
- Поставување на фотоволтаици на Општина, ОУ „Кочо Рацин“ и Здравствен Дом;
- Поставување на банкини на улица Цветко Тонев;
- Асфалтирање на пат во село Железница кон депонијата;
- Асфалтирање патишта во село Талашманце и Крилатица;
- Асфалтирање на патишта во село Коњух;
- Асфалтирање на пат во село Трновец Лазинци кон Ранковце скратен пат;
- Прочистување на патишта и поставување тампон во Сакулица, Куклица, Крива Река и Чакинци;
- Санација на старите мостови во градот;
- Пробивање и поставување тампон на пат кон Горно Кратово и потпорен ѕид;

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Не е целосно реализирана реконструкцијата на улица „Јосиф Даскалов" - не е поставена нова коцка, поставена е истата (прередена);
- Нема поставено канализациска инсталација на Кратовска и Манцева Река;
- Нереализирана санација и затворање на депонијата во с. Железница - сè уште постои и претставува опасност за здравјето на граѓаните и на животните;
- Не е изграден адреналински парк на Стара Мусала;
- Не е изграден Дом за стари лица;
- Не е уредена Карши Бавча;
- Не е ставен во функција туристичко-информативниот центар;
- Неизграден колекторски систем за речното корито на Кратовска Река;
- Нема отворено погони во индустриска зона с. Туралево;
- Нема зона за занаетчиска индустрија - нема ни еден занаетчија во градот;
- Нереализирана реконструкција на зграда на Кристалограверница во апартмани;
- Нема бесплатно WI-FI и дигитализација;
- Нема изградба на велосипедска и пешачка патека на растојание Вршник   Сланушка;
- Нема изградено планинарски дом во Горно Кратово.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам за градоначалник затоа што сум роден во Кратово, го сакам градот и искрено верувам дека можам да ја подобрам состојбата во Кратово. Ќе овозможам подобри услови за живот на граѓаните и сите нас за кои Кратово претставува дом. Ќе ги слушам потребите на граѓаните, ќе поттикнам развој, нови проекти и еднакви можности.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Сметам дека е многу важно да се има јасна визија за општината, за нејзино подобро функционирање, како и за општеството во целина. Покрај потребата од јасна визија, сметам дека исто така е потребен добар тим за да се направи успешна приказна. Со мојот тим ќе работиме на тоа да го направиме Кратово позелен, почист и гостопримлив град. Ќе вложиме во образованието, младите и локалната економија, со цел да создадеме стабилна и просперитетна заедница.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Не сметам дека се доволни само инфраструктурни проекти. Повеќе внимание треба да се посвети на хигиената во градот, односно на разеленувањe и разубавување на градот за сите да имаме почиста средина во која живееме. Исто така, акцент ќе ставиме и на туризмот. Кратово е еден од најстарите градови на Балканот што располага со убавини што треба да бидат искористени и се богатство на целата држава и пошироко, не само на Кратово.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се движечката сила на општеството. Секогаш треба да бидат во фокусот. Треба да работиме на проблемот со иселувањето, да се трудиме да обезбедиме услови со кои младите можеме да ги задржиме дома, каде што се родени и израснати. Сметам дека младите треба да се насочат кон спортот, па со таа цел ќе се субвенционираат и ќе се формираат спортски друштва. Ќе поддржиме и културни настани, едукативни работилници и иницијативи што ќе им овозможат на младите да се развиваат, да се вмрежуваат и да останат мотивирани. Ќе создадеме средина каде што ќе се чувствуваат ценето, слушнато и поддржано.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Доколку освоиме мнозинство со Советот, ќе избереме командир на полициската станица, професионалец, со кој заедно ќе направиме безбедносен план во кој приоритет ќе биде безбедноста на младите. Ќе се спречи ширењето наркотици и ќе се запази законот за малолетници. Исто така, ќе се обрне внимание на безбедноста во сообраќајот. Ќе соработуваме со училиштата и родителите за едукација и превенција кај младите.

• Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?

Бидејќи во Кратово има многу бездомни кучиња и е нарушена безбедноста за слободно движење на граѓаните и со нивното неконтролирано вршење измет е загрозена животната средина и чистотата во градот, планираме изградба на стационар за бездомни кучиња. Стационарот ќе обезбеди хуман третман, стерилизација и згрижување.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Кратово е град што нема никакви индустриски капацитети и загадувачи. Има само една дива депонија што врши загадување на воздухот, за која во програмата имаме планирано нејзино затворање и дислоцирање. Исто така, ќе се заштити животната средина со инсталација на канализациски систем низ целата територија на Кратово, со што ќе се спречи загадувањето на речните корита и на реките.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## Социјална заштита - Дом за стари лица

- Реализација и издавање на стариот диспанзер со јавно приватно партнерство и негова пренамена во старечки дом;
- Јавната општинска установа „Дом за стари лица" Кратово ќе има капацитет за згрижување од 50 до 70 лица, а дополнително ќе се вработат околу 10 лица за обезбедување нега за лицата сместени во домот;
- Ќе се организираат спортски натпревари, екскурзии и дружења за пензионерите;

## Култура

- Во областа на културата, покрај задржување на постојаните, ќе се додадат и нови манифестации:
- Ден на пастрамајката со што ќе се промовира уникатната кратовска пастрамајка;
- Реализација на театарски претстави и филмски проекции (гостување во Македонски народен театар, Драмски театар, Театар комедија, Театар за деца и младинци во Кратово);
- Дигитална промоција на кратовските кули, мостови и старите кратовски куќи;

## Спорт и рекреација

- Во остварувањето на мисијата за подолговечен живот, освен културата, важно место за здравиот живот и начин на живеење претставува спортот.
- Спортот согласно со законот, е надлежност на локалната самоуправа.
- Одделението за спорт на Општина Кратово ќе ги реализира следниве проекти:
  - Финансиска поддршка на ФК „Кратово" за футсал - клубот КМФ „Кратово" и ПП „Клуб Мара Лопка";
- Реализацијата на финансиска поддршката за клубовите ќе биде континуирана и навремена.
  - Финансиска поддршка и помош околу основање женски ракометен клуб;
- Поддршка на женскиот ракометен клуб во натпреварувањето во младинска или сениорска лига во зависност од интересот на учесничките.
- Ќе се организираат и спортски натпревари за време на патрониот празник и за други поголеми настани;

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Поддршка на шаховски клуб и клуб за стрелаштво;
- Реновирање на зградата на Спортска сала Соколана;
- Зградата ќе биде применета во дом за млади, ќе биде отворена вежбална - теретана, којашто ќе биде опремена со најнови справи и чие користењето ќе биде бесплатно.
- Парк во Карши Бавча каде што ќе има летниковци, пешачки патеки, детско игралиште, видиковец, воздушни бањи и за постарите стрит џим, планински велосипедизам;
- Можноста за реновирање и пуштање во употреба на постојниот олимписки базен за дневно капење и ноќни забави за младите;
- Ќе посветиме посебно внимание на разубавување и раззеленување на градот (засадување цвеќиња и пошумување) и ќе организираме доброволни акции за расчистување на речните корита и на дивите маалски депонии;
- Новиот менаџмент на градот Кратово ќе создаде предуслови така што преку јавно и приватно партнерство или со инструментот за субвенционирање на инвеститори ќе се изгради асфалтна база за производство на асфалт на територијата на Општина Кратово;



- Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура Кратово ќе се опреми со нова механизација за одржување и санација на локалните патишта, како и за пробивање и тампонирање на постојните патишта што ги поврзуваат руралните средини во сите села.
- Врз основа на направена студија и анализа и со цел полесно сервисирање на опремата, ќе биде употребен најсоодветниот модел на финансирање за купување на механизацијата.
- Ставање во функција на градското веце, кое ќе работи секојдневно со што ќе се зголеми чистотата во градот;
- Со спроведување гас до секоја институција и дом во градот, ќе се спречи сечењето на дрвјата и шумата со што дополнително ќе се заштити животната средина;
- Значително подобрување на образованието во делот на наставата по англиски јазик и природно-математичките предмети;
- Финансиска поддршка на наставниците и учениците што ќе учествуваат на натпревари;
- Стипендии за ученици што се талентирани и ученици од социјално загрозени семејства и други ранливи групи;
- Воведување секции за претприемаштво и мал бизнис;
- Поддршка за отворање нижо музичко училиште;
- Организација на повеќе дневни екскурзии со што учениците ќе се запознаат со другите градови во нашата држава;

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Основање и пуштање во работа на Јавно претпријатие за енергетски дејности – ЈП „Кратово-гас“ Кратово

Базната станица за гас се наоѓа во индустриската зона „Иднина“. Треба да се спроведе инсталација до институциите. Тоа ќе се изврши во првата фаза, односно во: Детската градинка „Царка Андреевска“, зградата на Центарот за социјални работи, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Полициската станица Кратово и ОВР Кратово, објектите на Министерство за одбрана, Центарот за управување со кризи, Здравствениот дом Кратово, ПШС Национални шуми, КЕЦ Кратово, ООУ „Кочо Рацин“, СОУ „Митко Пенџуклиски“, индустриските објекти и станбените згради на ул. „Гоце Делчев“.

А во втората фаза ќе се поврзе секој дом со атмосферско греење и греење на вода, кое ќе биде попрактично и поекономично за граѓаните.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект ќе се подобри економската состојба на граѓаните. Ќе плаќаат помалку, а ќе добиваат повеќе. Исто така, ќе се заштити животната средина и ќе се спречи сечењето на шумите.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

48 месеци

**Буџет**

500.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Изградба на канализација

Недозволиво е Кратово, како најстар град на Балканот, во 21 век, кој е туристички град и кој имал канализациска мрежа уште пред неколку века, сега да нема канализациски систем на цела територија на градот.

Во првата година од мандатот ќе изградиме нова канализациска мрежа во деловите каде што сè уште нема изградено и ќе ја обновиме и доуредиме постојната според најновите светски норми и стандарди. Цевките од домовите ќе бидат спроведени во една поголема цевка што ќе биде спроведена по речното корито надолу од градот, каде што ќе биде изградена посебна станица за прочистување на отпадните води.

Најпрво нова канализациска мрежа ќе добијат: Табачка Маала, Аргулица, Бојаџиско, Стара школа, Цуцево и долната страна на „Јосиф Даскалов“.

На овој начин ќе добиеме чисти реки и ќе ја заштитиме животната средина.

**Влијание на проектот:**

Спроведувањето на цевките од градот во една поголема цевка што ќе оди по речното корито надолу од градот ќе придонесе за значително прочистување на градот.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

48 месеци

**Буџет**

200.000 евра

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Ќе го вратиме градскиот водовод во сопственост на граѓаните

Кратово нема никави индустриски капацитети и загадувачи, а сепак има нечиста вода за пиење. Граѓаните на Кратово се принудени да купуваат вода од маркетите или да полнат вода од околните извори, бунари и селски чешми. Со средствата собрани од приватната наплата ќе ја замениме водоводната мрежа, ќе го санираме главниот taложник (на тој начин ќе се спречи механичкото загадување на водата), ќе се изградат резервоари за вода во населените места и ќе се набават нови филтри, со што ќе се обезбеди квалитетна вода за пиење. Со изградба на хидрантска мрежа, ќе бидат заменети сегашните дотраени цевки со нови и ќе се регулираат загубите на вода и исто така ќе се регулира и притисокот на водата. На овој начин ќе имаме безбедно и чисто водоснабдување.

**Влијание на проектот:**

Подобрувањето на квалитетот на водата и водоснабдувањето во Кратово ќе има многу позитивно влијание кај жителите на Кратово и на тој начин ќе се решат проблемите со недостигот на вода во летниот период.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

48 месеци

**Буџет**

500.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Решавање на проблемите со паркинг-простор во центарот на градот

Ќе се прошири паркингот во централното градско подрачје, кое ќе се реализира со подигање платформа на бетонски столбови, со што ќе се овозможи паркирање на кат, со капацитет од вкупно 60 возила.

Ќе се изгради и катна гаража зад Кристалограверницата, која ќе биде со капацитет од 50 возила.

Ќе се воведе ограничено паркирање на дел од улицата „Гоце Делчев“.

Во секое време ќе се расчистуваат нефункционалните возила низ улиците на градот.

**Влијание на проектот:**

Ќе се зголеми ослободувањето на паркинг-места во функција на развој на туризмот и ќе се задоволат потребите на граѓаните во градот.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

48 месеци

**Буџет**

500.000 евра

## Стационар за бездомни кучиња

Оформување стационар за згрижување бездомни кучиња преку јавно приватно партнерство, со компетентна компанија, преку заедничко вложување на општината. Стационарот ќе врши заловување и третирање на бездомните кучиња, а по потреба и други незгрижени животни, кои претставуваат потенцијална опасност за пренос на заразни болести и опасност од напад на мали деца и стари немоќни лица.

**Влијание на проектот:**

Со реализацијата на овој проект ќе се поправи грдата слика за градот со кучињата скитници и други незгрижени и неухранети животни.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

48 месеци

**Буџет**

30.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Реновирање на градскиот пазар

Ќе се модернизира и ќе се преуреди градскиот пазар како пазар од затворен тип, со што ќе се подобрат хигиенско-техничките услови и ќе се дополни со соодветна климатизација и вентилација. Со преуредувањето на пазарот, тој ќе се подели на два дела, така шт, еден дел ќе биде за земјоделски производи и храна, а другиот дел ќе биде пренаменет за текстил и техничка стока.

### Влијание на проектот:

Подобрување на хигиенско-техничките услови при продавање храна, согласно со најновите хасап-системи. Исто така, ќе се подобрат амбиенталните услови во делот за продажба на стока и текстил.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

48 месеци

### Буџет

400.000 евра

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**УЗ Вршник**

- Изградба на Дом за стари лица;
- Пешачка патека Вршник - Сланушка;

**УЗ Бојаџиско**

- Поставување кована ограда на Радин мост и негово осветлување;

**МЗ Кетеново**

- Реконструкција на патот Кетеново - Куклица;

**МЗ Железница**

- Дислоцирање на депонијата

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА